Australian Macedonian
TODAY
34 YEARS
Австралиско Македонски ДЕНЕС
YEAR XXXIV No 1990 6 DECEMBER 2024 FREE



# МИЦКОСКИ СЕ ОТКАЖА ОД ПРОМЕНА НА ПРЕГОВАРАЧКАТА РАМКА И ГАРАНЦИИ ДА НЕМА НОВИ УСЛОВУВАЊА ЗА ЕУ




# ДО НОВА ГОДИНА ПОЛОВИНА ОД МАКЕДОНСКИТЕ ДКП ВО СТРАНСТВО ЌЕ БИДАТ ИСПРАЗНЕТИ

FREE DIGITAL EDITION
SCAN the QR CODE
SIGN UP NOW!
РЕГИСТРИРАЈТЕ СЕ ЗА ДА ГО ДОБИВАТЕ БЕСПЛАТНО
ДИГИТАЛНОТО ИЗДАНИЕ НА www.australianmacedonian.com.au/subscribe

# Прооден е патот под Пелистер до хотелот „Молика" ама дури откако во чистењето на снегот се вклучи приватна компанија и без паричен надомест



Златко Свидерски, сообраќаен инженер, е хуманиот битолчанец кој со градежна механизација од својата приватна фирма „Боб кет" го исчисти патот на Пелистер до хотелот „Молика", а не побара никаков паричен надомест за тоа, објави порталот „СДК.мк".

Тој го исчистил патот откако претходно не успеале обидите на претпријатијата задолжени за чистење и одржување на патиштата ЈП „Македонија пат" и ЈП „Нискоградба". Поради наврнатиот снег од над еден метар патот за Пелистер беше непрооден, а стотина туристи од „Молика" останаа во хотелот неможејќи да си заминат. По повеќечасовните неуспешни обиди државните и локалните институции задолжени за тоа да го пробијат патот, директорот на „Молика", Горан Исков побарал приватната компанија да се вклучи во чистењето. По нејзината интервенција патот е пробиен, само се апелира да се патува со зимски гуми.

- Треба да се помага на Општината, а не да се чека тендер да се добие. Финансиски надомест законски не ми следуваше. Но, не ни сакав, тоа не беше ни важно. Важно ми беше да се помогне. Во хотелот „Молика" беа заглавени сто туристи. Треба да бидеме свесни дека ако некогаш можеме треба да помогнеме. Не може постојано некој да ни чисти пред дворот, некогаш и ние треба да зачистиме", вели Свидерски за „СДК.мк".

Свидерски не сакал да се објави фотографија од него оти, вели, личностите се неважни, важен е потфатот да се помогне на својот град. Тој додава дека неговата компанија е опремена со соодветна механизација и имаат 15-годишно искуство како зимска служба во расчистување на патишта во населбите под Пелистер.

Битолчани на социјалните мрежи коментираат дека ова е пример како се сака градот.

AUSTRALIAN MACEDONIAN TODAY
Published by:
AEA ETHNIC PUBLISHERS P/L
Postal: PO Box 544
Thomastown,
Victoria 3074 Australia

Phone: 0403 152 671
Email: amwtoday@icloud.com

## Во Македонија се слеале рекордни A$1,358 милиони странски инвестиции

Странските директни инвестиции (СДИ) во Македонија во периодот јануари – септември достигнале 838.2 милиони евра (A$ над 1.35 милијарди), што е зголемување од 348.4 милиони евра во однос на тој период лани и убедлив рекорд во изминативе 20 години. Има шанса Македонија прв пат во историјата да оствари над милијарда евра СДИ во текот на една година.

Податоците на НБМ велат дека само во третиот квартал од годинава, приливот на СДИ во Македонија достигнал 281.6 милиони евра. Имало зголемени приливи врз основа на меѓукомпанискиот долг (219.5 мил. евра), сопственичкиот капитал (39.9 мил. евра) и реинвестираната добивка (22.2 мил. евра).








## АНДИ ИСМАИЛИ ПО ПЕТТИ ПАТ СТАНА СВЕТСКИ ШАМПИОН ВО МОДЕРЕН БАЛЕТ И ЈА ПЕЕШЕ МАКЕДОНСКАТА ХИМНА

На Светското првенство во модерен, џез и класичен балет што се одржа во Киелце (Полска), младиот танчар од Гостивар, Анди Исмаили постигна историски успех.

Во конкуренција од 72 танчери од целиот свет, 16-годишниот Исмаили го освои златниот медал со што повторно стана светски шампион во модерен современ танц, и тоа петти пат по ред. Оваа титула ја освои за првпат во 2019 година, на само 11-годишна возраст.

Анди Исмаили ја прослави титулата пеејќи ја македонската химна завиткан во македонско знаме.

Покрај златниот медал, Анди освои и сребрен медал во категоријата „Модерен балет соло" за момчиња јуниори, со што го потврди својот квалитет и стана светски вицешампион. Инаку, тој е член на студиото „Брејк а лег" од Скопје.

„Одличен и заслужено до титулата најдобар во светот!!! Браво Анди, браво шампиону", напишаа од студиото за танц „Брејк а лег".

Младиот танчар на социјалните мрежи со емотивна објава се заблагодари на сите што го поддржуваат во она што го прави со задоволство и многу страст.

# Уште девет амбасадори се на чекор до предвремено враќање дома - половина од дипломатијата во странство ќе биде испразнета

Законодавно-правната комисија му предложи на Собранието на пленарна седница да донесе одлука за враќање на 9 амбасадори бидејќи пред заминувањето не реферирале пред собраниската Комисија за надворешна политика. Се работи за амбасадорите Мето Белески (Брисел), Катерина Ставревска (Лондон), Џенк Сејфула (Стокхолм), Пајо Авировиќ (Мисија на ОН во Виена), Емил Крстески (Прага), Јакуп Реџепи (Сараево), Агнеза Руси (Софија) и Зеќир Рамчиловиќ (Подгорица).

Одлуката на Законодавно-правната комисија е донесена со 8 гласови „за", еден „против" и ниту еден воздржан откако пратеникот на ВМРО-ДПМНЕ, Бојан Стојаноски, поднесе иницијатива за автентично толкување на член од Законот за надворешни работи, а Владата даде позитивно мислење.



Претходно тројца амбасадори предвреме беа вратени по барање на министерот за надворешни: Љубомир Фрчкоски од Мисијата во ОН во Њујорк, Андреј Жерновски од Букурешт и Весел Мемеди од Рим.

На почетокот на идната година ќе се вратат уште седуммина поради истечен мандат: Дане Талески од НАТО со седиште во Брисел, Теута Агаи Демјаха од постојната мисија во ООН во Женева, Данчо Марковски од Тирана, Марија Ефремова од Ватикан, Фатон Бејта од Копенхаген, Сали Лимани од Казахстан и Шабан Јашари од Доха.



### СТАПКА НА НЕВРАБОТЕНОСТ НА СТАБИЛНИ 4.1 ОТСТО:

# Мала е надежта за намалување на каматите

Стапката на невработеност во *Австралија* останува стабилна на 4.1 отсто трет месец по ред, но една држава има спротивен тренд и бележи највисока стапка на невработеност веќе седум месеци по ред. *Викторија* моментално бележи една од највисоките стапки на невработеност од сите држава од 4.6 отсто. Граѓаните на *Викторија* ја плаќаат цената на големиот долг. *„Седум месеци по ред, Викторија бележи највисока стапка на невработеност од било која држава во Австралија, во исто време деловните услови опаѓаат, даноците растат, а домаќинствата се повеќе го чувствуваат притисокот на зголемените животни трошоци"* - изјави државниот ризничар во сенка, **Бред Розвел**.

*„Се проценува до 2027/28 година долгот на Викторија ќе изнесува $187.8 милијарди, а дневните камати за отплатаа ќе достигнат $26 милиони, што е повеќе од $1 милион на час."* Во целата нација, единствено *Северната Територија* минатиот месец имала раст на невработеноста од 0.1 отсто, а *Квинсленд* е единствениот кој има пад на невработеноста од 0.1 отсто.

Бидејќи стапката на невработеност е стабилна три месеци по ред, државата во октомври отворила 15.900 нови работни места, што е помалку од тоа што го предвидоа економските експерти. Но, раните индикации дека *Австралија* има *„особено отпорен"* пазар на труд нема да ја мотивираат Централната банка да ги намали каматните стапки оваа година, исто така *„не може да ја гарантира"* ни декемвриска стапка.

Сезонските месечни статистики за состојбата на работната сила кои ги објави *Австралиското биро за статистика* во четвртокот открива дека *Австралија* отворила 9.700 нови работни места со полно работно време и 6.200 работни места со скратено работно време во период од еден месец, иако се предвидувало во октомври да се регистрираат 25.000 нови работни места. Учеството на пазарот на труд е намалено за 0.1 на вкупно 67.1%, а недоволната вработеност исто така паднала на 6.2%. Економскиот аналитичар **Тони Сикамор**, укажува дека бројките покажуваат дека *Австралија* има *„особено отпорен пазар на труд"* и *„слаби назнаки на ладење на економијата"* и тоа веројатно нема да влијае на готовинската стапка.

*„Иако не се чини веројатно ова забавување да ја зголеми стапката на невработеност, како што предвидувала РБА на 4.3% до декември, овие бројки на Централната банка и даваат простор за дишење и може да се насочи кон инфлацијата и да ги задржи каматните стапки на рестриктивна територија до крајот на годината без значителни знаци на влошување на пазарот на трудот"* - изјави тој.

Пазарот во моментов предвидува намалување на каматната стапка за 10% до *Бадник* и намалување на каматната стапка за 15% до август. Сикамор рече *„се уште не се гледа забележливата промена на цените врз основа на овонеделните податоци."*

За економскиот партнер на *БДО*, **Андерс Магнусон**, овие последни статистики *„се речиси гаранција"* дека каматната стапка ќе остане непроменета кога *РБА* ќе се состане за последен пат оваа година во декември *„Очекувам РБА да продолжи со внимателниот пристап кон одржување на готовинската каматна стапка, се додека не биде задоволна што основната годишна инфлација е одржлива на целниот процент од 2 -3 отсто. Стапката на учесвство, индикатор на понудата*



Др. Сузана Котевска
СПЕЦИЈАЛИСТ ГИНЕКОЛОГ - АКУШЕР
ВИ ГИ НУДИ СЛЕДНИТЕ УСЛУГИ И СОВЕТИ
- Водење на бременост, прегледи и породување
- Гинеколошки операции
- Гинеколошки прегледи и совети за болни менструации
- Лекување на стерилитет
- Пап тест
- Климактерични тегоби
- Совети за контрацепција
- Проблеми со бешиката

ЗАДОЛЖИТЕЛЕН Е УПАТ ОД ВАШИОТ ФАМИЛИЈАРЕН ДОКТОР
Level 1, 117 / 320 Victoria Parade East Melbourne, 3002
Inside Epworth Freemasons Medical Centre
Tel: 9419 8333 Fax: 9415 9998
email: stelaobs@bigpond.com



*на пазарот на труд, се намалила во октомври но и понатаму е на историски максимум со силно учество на жените и постарите граѓани"* - рекол **Магнусон**.

## Октомври, најслабиот месец на раст на работни места

Водителот на статистиката за трудот при *Австралиското биро за статистика*, **Бјорн Џарвис**, изјави иако бројките за вработеност продолжуваат да растат, статистиката од октомври покажува најслаб раст во последните месеци.

*„Иако вработеноста пораснала во октомври, зголемувањето од 0.1 отсто е најслаб раст во последните неколку месеци. Тој е понизок од претходните шест месеци кога вработеноста се зголемувала во просек за 0.3 отсто месечно. Бидејќи растот на популацијата во октомври го надминала слабиот раст на вработеноста и невработеноста, стапката на учество на пазарот на труд падна незначително на 67.1 отсто, додека стапката на вработеност во однос на бројот на жители останува на историскиот максимум од 64.4%.*

Иако лабуристите неодамна го прославија отворањето на милион работни места од доаѓањето на власт во 2022 година, Федералниот благајник **Џим Чалмерс** изјави дека глобалната неизвесност, највисоките каматни стапки во последните 13 години и притисоците врз трошоците за живот резултираат со послаба економија и пазар на труд, а *„семејствата и понатаму се под најголем притисок"*.

*„Додека нашиот пазар на труд останува отпорен до денес и ни помага да се соочиме со овие предизвици од посилна позиција, тој слабее и ни носи послаб раст на вработеноста во споредба со претходниот месец. Насочени сме кон намалување на трошоците за живот, вработување на повеќе луѓе и помагање на Австралијците да заработат повеќе и да задржат повеќе од парите кои ги заработуваат и мислам дека добро напредуваме"* - вели **Чалмерс**.

*РБА* предупредува австралискиот пазар на труд го очекува полабава ситуација во следните неколку месеци, што ќе ги намали притисоците врз растот на платите и семејните буџети. Предвидувањата на Централната банка за декември се зголемување на стапката на невработеност за 0.1 отсто во следните неколку месеци од 4.1% и полека да се зголемат на 4.4% до јуни 2025 година. Растот на приходите на домаќинствата исто така забележува пад од 3.6% на 3.4%. од декември 2024 година и продолжуваат да бележат помал раст во споредба со претходните прогнози до декември 2025 година.


INJURED? ПОВРЕДЕНИ?

- ✓ TAC
- ✓ WorkCover
- ✓ Slips & Falls
- ✓ Superannuation TPD
- ✓ All Injury Claims
- ✓ Free First Appointment
- ✓ Speak Macedonian
- ✓ Over 25 years experience in Personal Injury Claims

- ✓ Сообраќајни повреди
- ✓ Повреди на работа
- ✓ Суперануација и траен инвалидитет
- ✓ Сите видови на повреди
- ✓ Првата средба е бесплатна
- ✓ Зборуваме Македонски
- ✓ Повеќе од 30 години искуство во областа за отштета од повреди




JOHN DELLIOS & ASSOCIATES
LAWYERS
183 High Street Thomastown Tel. (03) 9464 4000

# Јаневска: Комитите се учат во учебниците, а УЧК не ѝ значи ништо на Македонија



Министерката за образование и наука Весна Јаневска кажа дека добиле пријави со слики и докази дека деца носеле симболи на УЧК на приредби за 28 ноември, Денот на албанското знаме, во училишта во Челопек, во Чаир, две во Тетово и едно во Струга и дека за сите на терен ќе излезе Државниот просветен инспекторат (ДПИ).

Јаневска претходно преку фејсбук реагираше дека е „длабоко разочарана и вознемирена од одлуката на раководството и наставниците во ОУ '7 Март' во Челопек да организираат, но и од одобрувањето на родителите на учениците, нивните деца да учествуваат во училишна приредба на која облечени во униформи со амблеми на неформални воени групации од минатото, парадираат со пушки во рацете. Патем, родителите и ракоплескаа на сето тоа".

На новинарско прашање да даде коментар на реакцијата на ДУИ, дека и во скопската општина Аеродром била организирана приредба со комити, Јаневска рече:

- Комитите се дел од историјата на државата Македонија. Комитите ги учат во наставните програми. Комити биле и Македонци, и Албанци и Турци и други етникуми. Македонци, Албанци, Турци, Роми, Власи се бореле во Втората светска војна против заеднички непријател. Ние тие луѓе треба да ги чествуваме. Тие луѓе кои се бореле за слобода и за сопствена држава и за просперитет на сопствената држава. Дополнително, направен е силен прекршок, воспитувачката која ја организирала приредбата е отпуштена од работа и сè уште е на суд.

Министерката рече дека УЧК војската и амблемите на УЧК за оваа држава не значат ништо.

- Во оваа држава војната, конфликтот, кој како сака да го нарече, предизвика жртви на сите инволвирани страни. Сите мајки исто плачат, сите мајки исто жалат. Наместо да се потрудиме да го заборавиме тој конфликт, и да ги образуваме децата на она што јас го кажувам, ние малите деца ги учиме на воинственост, на држење на оружје, на некакви позиции за стрелање, на нешто што не е поврзано со нашата историја. Младите се иднината на секоја земја. Кога ги образуваме децата, ние треба да ги образуваме на базичните човекови вредности, на недискриминација, на соживот, на разбирање, на емпатија. Најмалку што треба да има во училиштата е политика. Децата деца треба да растат во духот, на патритоизмот, на традицијата, во почитувањето на вредностите, рече министерката.


Reg. No. A0042461G АХАМ BRIDGE OF HUMANITY ABN 93 019 262 123

АХАМ ГАРАНТИРА ДЕКА ВАШИТЕ ИСПРАТЕНИ БОКСИ ЌЕ ИМ БИДАТ ЛИЧНО ПРЕДАДЕНИ НА ПРИМАЧИТЕ ВО МАКЕДОНИЈА ВО РОК ОД ТРИ МЕСЕЦИ ОТКАКО КОНТЕЈНЕРОТ ЌЕ ЗАМИНЕ ОД АВСТРАЛИЈА



**Места каде се издаваат и примаат кутиите**

**ВИКТОРИЈА**
Илија Јошевски Мечето 93673091, моб: 0418 396 256
Дијана Мицалевска Пупалевска 0414 743 117
**ЏИЛОНГ:** Коста 0401 550 841
**АЛТОНА:** Јован 9314 8585 ,0434 088 440
**АРДИА:** Милорад и Сенди 9363 3635
**БАНДУРА:** Филимена 9467 8027
**БОКС ХИЛ-РИНГВУД:** Гоце 0431 518 568
**ДАНДЕНОНГ:** Борката 9795 6305, 0411 767 613
**КИЛО-СЕНТ АЛБАНС:** Ило Мечето 9367 3091, 0418 396 256
**ЕСЕНДОН – АВОНДАИЛ ХАЈТС:** Целе Велјановски 9337 3931
**ЛАЈЛОР ЕПИНГ:** Кинг Фреш Бурек 9401 4777, Стојна и Панде 0481 184 038
**МЕЛТОН:** Драги 0419 325 848
**ПРЕСТОН – НОРТКОТ:** Валентина 0451 820 045
**ПРЕСТОН:** Аница 0409 416 273, Валентина 0451 820 045 Милка и Љупчо, Авио Травел 9471 4556, 9471 4559
**РЕЗЕРВО:** Ило 9460 7802, 0432 654 251
**СЕНТ АЛБАНС:** Кинг Фреш Бурек -9364 3752, 0414 544 563
**ЈАРАВИЛ:** Трена 9687 4663

**НОВ ЈУЖЕН ВЕЛС**
**СИДНЕЈ:** Љупчо 0415 801 989
**АРНКЛИФ:** Горан 0414 597 595
**БЕНКСТАУН – ЈАГУНА:** Сашо 9707 1430, 0416 934 638, Џексон - 9793 0366, 0407 175 727
**КАНЛЕЈ ВАЛИ:** Илија 9754 2287
**РОКДАЕЛ:** ВМ Центури Травел 9587 5493
**КАНБЕРА – КВИНБИЈАН:** Душица 0404 149 965
**ВОЛОНГОНГ – ПОРТ КЕМБЛА:** Васко 0450 484 418

**ЈУЖНА АВСТРАЛИЈА**
**АДЕЛАИД:** Драго 08 8345 1381

**ЗАПАДНА АВСТРАЛИЈА**
**ПЕРТ:** Славе 08 9300 8342, 0419 997 719, Ислам 9440 4038, 0433 214 874

**КВИНСЛЕНД**
**БРИЗБЕН:** Весна 0433 218 018, Невенка 0402 847 225

Добиената сметко-потврда е Tax Deductable, а ако ја пријавувате на вашата годишна такса

## ПОГЛАВАРИТЕ НА ПЕТТЕ ВЕРСКИ ЗАЕДНИЦИ ПОТПИШАА ДОКУМЕНТ ЗА ЗАПАЗУВАЊЕ НА СОЖИВОТОТ

Поглаварите на петте верски заедници се сретнаа во просториите на Македонската архиепископија каде што беше потпишан документ преку кој се повикуваат на запазување на соживотот.

„Бог ни дал да живееме во една, заедничка држава. Затоа ние, поглаварите на Македонската православна црква – Охридска архиепископија, Исламската верска заедница, Католичката црква, Евангелско-методистичката црква и Еврејската заедница, ги повикуваме сите македонски граѓани да не потклекнат пред некои обиди за нарушување на соживотот, туку сите заедно да продолжиме да ја продлабочуваме меѓусебната солидарност и да ја запазуваме почитта едни кон други, кон државните симболи на нашата Татковина и кон симболите на сите етнички заедници во неа", наведено е во соопштението.

## ПРЕДЛОГ: ВО ПЕНЗИЈА ДА СЕ ОДИ НА 67-ГОДИШНА ВОЗРАСТ, АМА ВЛАДАТА НЕЈЌЕ НИ ДА ЧУЕ

До лани беше познато дека кризата со пензискиот систем на Македонија е многу голема, дупката во ПИОМ никако не може да се пополни, па секоја трета пензија мора да се исплаќа од државниот буџет. Сега ситуацијата е дури и полоша - секој 2.5 пензионер се финансира од државниот буџет. Поради тоа Фискалниот совет предлага поместување на старосната граница за пензионирање. Наместо како сега (жените одат во пензија на 62 а мажите на 64 години) се предлага од 2026 да се оди во пензија на 67-годишна возраст, подеднакво за мажите и за жените. Друг предлог е да се зголеми стапката на пензискиот придонес од сегашните 18% на 19-21%. Се вели дека Македонија (по Косово) има најниска стапка на приоденс од плата за пензиско осигурување.

Според експертите, секоја година се зголемува бројката на нови пензионери - од 1.500 до 1.700. Овој притисок изискува големи субвенции директно од Буџетот (годинава ќе бидат скоро 580 милиони евра). А моментно има 342.170 пензионери во земјата. Со линеарното зголемување од 2.500 денари што го даде Владата во октомври сега просечната старосна пензија е 25.366 денари (во април ќе стане 27.866 денари).

Инаку Фискалниот совет е тело кое го надгледува трошењето на Буџетот во државата.

Но Владата веднаш возврати дека нема намера да ја разгледува оваа препорака и не размислува за поместување на старосната граница за пензионирање.

### Се повеќе пензионери - пари се помалку

Според податоците од последниот попис, од 2002 до 2021 година бројот на работоспособно население се намалил за 171.317 жители, или 12.4%, додека бројот на старо население над 65 години возраст, се зголемил за 17.2% или за 101.619 лица. Во Македонија имало и 51 лице на возраст над 100 години.

Според проекциите на статистичарите се предвидува дека во 2025 година процентуално старосната група над 64 години ќе сочинува 19.1% од вкупното население. Во 2050 ќе биде дури 32.1%, а во 2070 ќе изнесува биде 30.6%.




» ДИРЕКТНО ОД ПРОИЗВОДИТЕЛИТЕ
» ДОМАШЕН И УВОЗЕН КАМЕН
» ВРВЕН СВЕТСКИ КВАЛИТЕТ

310 MAHONEYS ROAD, THOMASTOWN 1300 696 896

UNIT 3/177 ARTHUR ST., ROOKWOOD, NSW 9746 6966

STORE LOCATION IN VIC: THOMASTOWN 9359-0898 | SPRINGVALE SUPASTORE 9548-4199 | DANDENONG 9706-8108
DANDENONG SOUTH 9706 4486 | SPRINGVALE 9540-8807 | NUNAWADING 9890-1118 | FOOTSCRAY 9689-8882
STORE LOCATION IN NSW: ROOKWOOD (02) 9746 6966 | MATRAVILLE (02) 8608 2436 www.johnstonemartmemorials.com.au

# Мицкоски „се олади“ за ЕУ: „ Ние како Влада повеќе од ова не можеме да направиме, ниту ќе направиме!“



Оптимизмот на премиерот Христијан Мицкоски за пронаоѓање излез од ќор-сокакот околу уставните измени и отворањето на првите кластери од преговорите со ЕУ како да исчезна некаде по самитите во Берлин и Будимпешта.

- Ние нема што повеќе од ова да правиме. Ние како Влада повеќе од ова не можеме да направиме, ниту ќе направиме. Тоа е тоа. Тоа е нашата црвена линија. Ако некој таму во Брисел одлучил да биде заложник на политичари од средниот век, коишто доаѓаат од некои од земјите членки на самата ЕУ, ако некој одлучил да биде заложник на билатерализацијата, го разбираме - тоа е тоа. Нека нè остават да си ја решиме домашната задача, изјави деновиве Мицкоски на новинарско прашање за последните пораки кои доаѓаат од Брисел за Преговарачката рамка.

И во врска со гаранциите што тој ги бараше, дека ќе нема нови блокади за државата доколку се усвојат уставните измени, премиерот ретерира:

- Не знам кој е тој што ќе даде гаранции дека ќе нема блокади со билатерални преговори во Преговарачка рамка, не знам кој е тој. Единствената гаранција која ние ја дадовме е претставена кај нашите стратешки партнери и тоа е максимум што може да направиме во овој момент зашто и како народ и како држава направивме нешто што никој не направил. Нема што повеќе од ова да правиме, ние како влада не можеме ништо повеќе од ова да правиме. Тоа е нашата црвена линија.

Мицкоски рече дека било лага оти сме барале промена на Преговарачката рамка, „иако таа е катастрофа, најлоша, никој нема таква“.

Но се сеќаваме дека тој целата кампања ја истера со тој аргумент. А пред пет месеци, дента кога беше избрана неговата влада (на 24 јуни), во интервју за ТВ24 изјави:

- Ако има желба, Преговарачката рамка со Европската унија може да се промени. Ако навистина сакаат Македонија да ја видат таму, има можност за тоа. Секако дека ќе бидат потребни и гаранции дека нема да има дополнителни билатерални услови од Софија со посредништво на Европската унија, рече тогаш Мицкоски.

Очигледно е дека „удрил во ѕид“ во Брисел. А ѕид со глава се урива…

Премиерот подвлече дека земјата има целосно усогласена политика со ЕУ и „целосно ќе ги следиме“.






## МАКЕДОНЦИТЕ ИМААТ НИСКА ДОВЕРБА ВО ЕУ

Мнозинството граѓани на Македонија или 56 отсто имаат доверба во Европската унија, покажуваат резултатите од есенското истражување на „Евробарометар“ за 2024 година.

Исто ниво на доверба кон ЕУ како македонските државјани, изразуваат и граѓаните на Босна и Херцеговина.

Меѓу останатите земји кандидати за членство, довербата кон ЕУ е најголема во Албанија - 81%, пред Црна Гора 75%, Косово 70% и Грузија 58%. Пониска доверба кон ЕУ од македонските државјани изразуваат Молдавците и тоа од 52%. Најниска доверба кон ЕУ од 50 отсто имаат државјаните на Турција и тоа од 42% и граѓаните на Србија од 38%.

Кога станува збор, пак, за граѓаните во самата ЕУ, мнозинството од нив или 51% веруваат во Унијата, што претставува највисоко измерено ниво на доверба на Европејците кон блокот во последните 17 години.

# Од 150 до 800 евра за секс со Бразилки, биле сместени во кулите „Џевахир“



Бразилска државјанка со помош на двајца Македонци и лица од *Португалија* врбувале жени од *Бразил* да вршат проституција. Од Полицијата информираат дека се приведени четири лица: **Д.Ј.Н.М.** (34), **М.М.** (57), **С.Д.** (47) и **Н.М.** (23).

Според досегашните информации од декември 2023 година првоосомничената, бразилска државјанка, заедно со двајца македонски државјани, а со помош на неидентификувани лица од *Португалија*, организирала врбување и сместување на жени од *Бразил* (на возраст од 26 до 38 години) за да вршат проституција во *Скопје*. Тие биле сместени во изнајмени станови во комплексот *„Џевахир*“ во скопски *Аеродром* и нуделе сексуални услуги на клиенти преку меѓународна веб-страница за ескорт девојки.

*„Првоосомничената ги контролирала профилите на девојките, организирала контакт со клиенти и го утврдувала ценовникот за сексуални услуги, кој се движел од 150 евра за половина час, 200 евра за еден час, 300 евра за два часа, 450 евра за три часа и 800 евра за цела ноќ сексуални услуги, а имало и дополнителни услуги за клиентите, кои чинеле од 70 евра па нагоре. Истовремено, таа ја гарантирала и безбедноста на девојките. За нејзината улога во операцијата добивала 30% од заработката на девојките. Дел од парите стекнати на овој начин првоосомничената преку електронски трансфер за една година уплатила 26.151 евра кон четири лица во Португалија и три лица во Бразил. Второосомничениот ја плаќал закушнината на становите (по 440 евра месечно) во кои девојките престојувале и ги давале сексуалните услуги. Третоосомничениот уплаќал пари на првоосомничената на нејзина сметка во Португалија. Четвртиот е уапсен зашто е во повеќе наврати бил корисник на сексулани услуги на една од девојките, плаќал по 5.000 евра за девојката да го придружува на неговите патувања во Рим и Лондон*“, соопшти полицијата.

Во рамки на акцијата извршени се пет претреси во *Скопје* и *Куманово*, при што пронајдени и одземени се мобилни телефони, лаптопи, пиштоли, пари и документација која ќе помогне во понатамошното истражување на случајот.

## ”Успение на Пресвета Богородица” - Сиденхам



Свештеникот, протерej ставрофор **Ефтим Бетински** ќе биде достапен во црквата *”Успение на Пресвета Богородица”* секој ден од понеделник до петок, од 10:00 до 15:00 часот, Моб: **0499 007 574** или email: *betinski_e@yahoo.com*

Неделната богослужба е од 9:00 часот.

*Macedonian Australian Orthodox Church «Uspenie na Presveta Bogorodica - St. Mary” Western Region inc.- 340 Sydenham Road Sydenham Vic 3037*



# Матурска прослава за учениците на македонски јазик во НЈВ




Македонскиот просветно училишен одбор за *НЈВ* одржа прослава на матурската вечер на која свечено им беа врачени дипломите на матурантите за успешно завршено изучување на македонскиот јазик во средното училиште. Тие во изминативе години го изучуваа македонскиот јазик во средношколските центри во *Когра, Бенкстаун* и *Смит Хил* во *Волонгонг*.

Во *Викторија* свечена церемонија ќе се одржи во недела, на 8 декември, во рецепцијата *Шелдон*, каде ќе се прослави матурата по македонски јазик на учениците кои го изучуваат македонскиот јазик во саботните училишта при *Викториското Училиште за Јазици* во *Викторија.*

## СООПШТЕНИЕ

Македонското литературно друштво *Кочо Рацин – Мелбурн* соопштува дека на 5 декември 2024 година со почеток во 18.30 часот во просториите на библиотеката во *Мил Парк* ќе одржи промоции на две книги, тоа се книгите *Летот на мојата гулабица* – од **Светлана Јаневска**, чиј промотор ќе биде **Татјана Лазаревска** и романот *За хероината Гордана Димовска* од **Гордана Такец** а ќе ја промовира **Дона Димовски Кантаровски**. Се повикуваат сите љубители на убавиот македонски збор да присуствуваат на овој настан и да се запознаат со содржините на новите многу интересни литературни дела на **Светлана Јаневска** и **Гордана Такец**.

## СООПШТЕНИЕ

## Традиционален пикник

Социјалното друштво *"Стив Наумов" –Логоварди* од *Мелбурн* ги известува своите членови и пријатели дека го организира традиционалниот пикник. Тој ќе се одржи на 15 декември во *Kyneton*, на местото од селото *Логоварди* со адреса *21 Fosters Lane Kyneton*. Сите се добродојдени.

За информации кај **Цане** Моб: **0421 756 880** или **Борче** Моб: **0409 960 342**

# СВЕЧЕНО ОТВОРЕН МАКЕДОНСКИОТ ЦЕНТАР ВО ЏИЛОНГ










Македонците во *Џилонг* достојно го прославија свеченото отворање на реновираната сала на *Македонскиот центар* во *Џилонг*.

Со поддршка на *Австралиската федерална Влада*, Македонската заедница во *Џилонг* со свечена вечер го одбележа отворањето на импресивниот и спектакуларен објект кој ќе и' служи на Македонската заедница во *Џилонг* со генерации.

Присутните ги поздрави претседателот на Македонската заедница во *Џилонг*, **Зоран Димовски**, кој се заблагодари на Австралиската федерална Влада за донацијата за реновирање на Македонскиот центар во *Џилонг*. Свечената вечера помина во одлична атмосфера со убави македонски песни и ора во изведба на македонските културно уметнички друштва „Бисер" и „Светлост".

## Радовишка средба во Мелбурн

Во недела на 8 декември во 10 часот наутро ќе се одржи *"Радовишка средба"* во паркот кај *Yan Yean* резервоарот. Ова ќе биде убава прилика да се соберат на излет сите што се од *Радовиш* и околината и нивните пријатели од сите делови на *Македонија*. Сите се добредојдени. За повеќе информации кај **Ванчо Стефанов** на **0416 657 519**.


**NUMERIC ACCOUNTING**

SPECIALISING IN SMALL BUSINESSES

✔ Accounting & Bookkeeping
✔ Tax Returns ✔ GST & BAS Returns ✔ Payroll
✔ MYOB, Xero & Quick Books

За сите ваши потреби околу вашата такса зборувајте со Ангела

ELECTRONIC LODGEMENT OF ALL RETURNS

Accountant & Registered Tax Agent




Mob: 0403 413 427 angenumeric@gmail.com

### ПРЕМИЕРОТ НА ИРАК:

# Нема да дејствуваме како обичен набљудувач во Сирија

*Ирак* нема да дејствува како обичен набљудувач во *Сирија*, каде што се верува дека групи и секти се жртви на етничко чистење, изјави ирачкиот премиер **Мохамед Шија ал Судани** за време на телефонскиот разговор со турскиот претседател **Реџеп Таип Ердоган**.




За време на разговорот со **Ердоган**, тој рече дека *Ирак* ќе вложи максимални напори за зачувување на безбедноста на *Ирак* и *Сирија*, пренесе *Ројтерс*.

*„Ова што денес се случува во Сирија е во интерес на ционистичкиот ентитет, кој намерно бомбардираше воени локации во Сирија на начин што им го отвори патот на терористичките групи да контролираат дополнителни области во Сирија“*, рече ирачкиот премиер во телефонскиот разговор, се вели во соопштението од неговиот кабинет.

# Бајден го помилува синот за да го заштити од идни прогони на политичките противници

Белата куќа соопшти дека претседателот **Џо Бајден** го помилувал синот **Хантер** за да го заштити од иден прогон од страна на политичките противници.

Одлуката на претседателот во заминување, кој повеќе пати ветуваше дека нема да ги користи своите овластувања за да го помилува синот, предизвика жестоки критики, а некои демократи кажаа дека ја поткопува довербата на јавноста во владеењето на правото.

**Бајден**, чиј мандат завршува на 20 јануари кога новоизбраниот претседател **Доналд Трамп** стапува на должност, потпиша во неделата безусловно помилување на **Хантер Бајден** и кажа дека верува дека неговиот син бил селективно гонет и неправедно на мета на политичките противници на претседателот. Портпаролката на Белата куќа **Карин Жан Пјер** ја бранеше пред новинарите постапката на претседателот и кажа дека **Бајден** верува дека **Хантер** се соочил со дополнителни напади на неговите противници, кои не ги именуваше. **Жан Пјер** е една од бројните функционери на Белата куќа кои во минатото зборуваа дека **Бајден** нема да го помилува својот син.

*„Една од причините поради кои претседателот го помилува е тоа што се чинеше дека неговите политички противници нема да попуштат. Не изгледаше дека ќе продолжат понатаму. Тие и понатаму би го гонеле неговиот син. Тоа е она во што верува“*, кажа портпаролката.

**Жан Пјер** истакна дека ова не е првпат претседател да помилува член на семејството. **Бил Клинтон** го помилува својот полубрат **Роџер** пред да ја напушти функцијата, а **Трамп** таткото на својот зет, **Чарлс Кушнер**.

## Традиционален Демирхисарски пикник во Баларат

Се известуваат сите Демирхисарци и пријатели и роднини на Демирхисарци дека во недела, на 22 декември, се организира традиционалниот *Демирхисарски пикник* во *Баларат*, покрај езерото, на истото место како и секоја година до *Ballarat Botanical Gardens.* Овој настан се оганизира со цел за дружење на Демирхисарци во порелаксирана атмосфера и во природа. Забележете го овој датум во вашите календари и донесете ги и вашите роднини и пријатели. Се надеваме на голема посетеност!

# Трамп и предложи на Канада да станат 51-та држава на САД



**Доналд Трамп** му предложи на канадскиот премиер **Џастин Трудо** минатата недела дека ако царините за неисполнување на трговските и имиграциските проблеми би ја убиле економијата на соседна *Канада*, можеби *Канада* треба да стане 51-та американска држава.

Минатиот петок, **Трудо** направи непланирано патување за да се сретне со **Трамп** во *Мар-а-Лаго*, откако идниот американски претседател се закани дека ќе воведе високи царини за канадските производи. Поточно, **Трамп** се заканува дека ќе воведе царини од 25% на *Канада* и *Мексико* поради, како што вели, нивната неможност да го запрат протокот на илегални имигранти и наркотици од тие земји во *САД*.

Според **Фокс њуз**, според две лица кои биле на масата и го слушнале разговорот, **Трамп**, иако љубезен и срдечен, бил многу директен за тоа што очекувал од северните соседи.

Парафразирајќи го разговорот, **Трамп** му рече на **Трудо** дека **Канада** ги поразила *САД* со тоа што дозволила големи количини на дрога и луѓе да ја преминат границата, вклучително и илегални имигранти од повеќе од 70 различни земји.


ДИГИТАЛНО ИЗДАНИЕ НА TODAY - ДЕНЕС
БЕСПЛАТНО СЕКОЈ ПЕТОК



ВО ОВА ВРЕМЕ НА БРЗИ ПРОМЕНИ, БИДЕТЕ ИНФОРМИРАНИ СО ВЕСТИ И ИНФОРМАЦИИ ОД ЗАЕДНИЦАТА ШТО ВИ СЕ ПОТРЕБНИ.

Пријавувањето е лесно за да добивате дигитален пристап бесплатно... Посетете ја интернет страницата www.australianmacedonian.com.au и пополнете ги вашите детали со име презиме и email адреса на која ќе ви стигнува дигиталното издание

БЕЗ ЛИМИТ ПОНУДА

Автоматски можете да го гледате на компјутер, таблет и мобилен телефон, каде било, во кое било време и на кој било уред. Австралиско Македонски Денес се објавува секој петок, одржувајќи традиција на независно новинарство, откако е основан во 1991 година. Со висок стандард на содржина и презентација привлекува широк спектар на читатели од сите возрасти.


## СООПШТЕНИЕ

Македонската православна општина за *Мелбурн* и *Викторија (МПОМВ)* сака да ги информира своите членови, парохијани и јавноста дека нашиот Годишен пикник со “графчето” во манастирот *“Св. Климент Охридски“* во *Кинглејк* ќе се одложи. Во оваа фаза, во најдобар случај пикникот ќе биде презакажан за 22 декември 2024 година, а во најлошото случај следната година. За тоа ќе објавиме јавен оглас во наредните недели. *МПОМВ* имаше и претходни јавни соопштенија во однос на барањата за историска планска дозвола. Ова е причината за доцнењето. За жал, во последен момент има барања за повеќе информации од Државната противпожарна управа *CFA* и Одделот за транспорт. *МПОМВ* работи на решавање на овие нови проблеми што е можно побрзо.

Работите веќе се започнати во *Кинглејк* со инсталиран нов систем за третман на отпадни води и наскоро ќе започне работата на паркингот. Сакаме да им се заблагодариме на сите што донираа досега, бидејќи собравме $10,787. За жал, ова е мал дел од вкупната сума што е потребна и изнесува нешто под 100,000 долари. Им благодариме на сите за разбирањето и сакаме да ве известиме дека секојдневно се трудиме да ги отвориме паркот *Македонија* и манастирот *„Свети Климент“* што е можно поскоро.

*од Управата на МПОМВ*

# ИЗЛЕЗЕ НОВОТО ПЕЧАТЕНО ИЗДАНИЕ НА АВСТРАЛИСКО МАКЕДОНСКИ НЕДЕЛНИК



www.australianmacedonian.com.au

AUSTRALIAN MACEDONIAN WEEKLY

Австралиско Македонски Неделник

Edition No. 1843 Year 37 • Tuesday, 3 December 2024 • Price $4.00 inc GST


Патувајте во Македонија и секаде во светот

A AVIO TRAVEL

335 High St Preston

03 9471 4556

03 9471 4559

mobile 0401 686 970


СТАПКА НА НЕВРАБОТЕНОСТ НА СТАБИЛНИ 4.1 ОТСТО: МАЛА Е НАДЕЖТА ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА КАМАТИТЕ

ВО НОВ ЈУЖЕН ВЕЛС

## МАТУРСКА ПРОСЛАВА ЗА УЧЕНИЦИТЕ НА МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК

ЈУЛИЈАНА ЃОРЃИЕВСКА

## КРАЛИЦА НА ЕВРОПА НА ИЗБОРОТ ЗА МИС НА ЕВРОАЗИЈА

ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ ПОВТОРНО ПРЕЦИЗЕН: „ВО МАКЕДОНИЈА АЛБАНСКИОТ ЈАЗИК, КОЈ 80% ОД ЛУЃЕТО ВО ДРЖАВАТА НЕ ГО ЗНААТ, НЕ МОЖЕ ДА БИДЕ ВО ЕДНАКВА СЛУЖБЕНА УПОТРЕБА!“

МИЦКОСКИ: ИНЦИДЕНТИТЕ СЕ ДЕЛ ОД ПЛАНОТ ЗА ДЕСТАБИЛИЗАЦИЈА

ФЕДЕРАЛНАТА ВЛАДА НЕЗАКОНСКИ СО ДОПОЛНИТЕЛНИ ТРГОВСКИ ТАКСИ: НАПЛАТЕНИ МИЛИЈАРДИ ДОЛАРИ ЗА КОРИСТЕЊЕТО КРЕДИТНИ КАРТИ


БЕЗ ПОБЕДА, НЕМА НАПЛАТА

arnold thomas & becker lawyers

НИЕ СМЕ АДВОКАТСКА ФИРМА СО ЕКСПЕРТИ ЗА:
- сообраќајни повреди / TAC
- повреди на работно место / workcover
- побарувања од медицинска небрижност
- побарувања за повреда при раѓање
- побарувања за оштета од азбестос
- повреди на јавно место
- повреди работници на државни места /Comcare Claims
- Суперануација / неспособност за работа

За проблемите што ги имате околу повреди на работно место зборувајте со ТОНИ ШИШКОВСКИ на македонски јазик на (03) 9614 1433

Tony Siskovski Director

ЕКСПЕРТИ ВО ЗАКОНОТ ЗА ПОВРЕДИ

573-577 Lonsdale Street, Melbourne, VIC 3000 www.arnoldthomasbecker.com.au


## АФИРМИРАТОР НА МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК, КУЛТУРА И ТРАДИЦИЈА

**СЕКОЈ ВТОРНИК ВО ВАШАТА НАЈБЛИСКА ПРОДАВНИЦА ЗА ВЕСНИЦИ**

# Познати 32-та учесници на Светското клупско фудбалско првенство



Познати се сите учесници на Светското клупско првенство на ФИФА, кое во новиот формат првпат ќе го играат 32 клуба. Клупскиот фудбалски мундијал ќе се игра на ист начин како што досега се играа светските првенства.

Домаќин на првото издание на шампионатот во ваков формат ќе биде САД, а ќе се игра на 12 стадиони. Светската клупска круна ја брани англискиот гигант Манчестер Сити, а ФИФА одлучи последните четири шампиони на секој континент да се натпреваруваат во групната фаза, а потоа учесниците беа пополнети по клупско рангирање.

Последниот патник кој обезбеди виза на клупскиот Мундијал е тимот на Ботафого кој го освои трофејот во Копа Либертадорес (шампион на Јужна Америка).

За престижниот трофеј на светски клупски фудбалски шампион ќе се борат европските великани: Манчестер Сити, Челси, Реал Мадрид, Атлетико Мадрид, Баерн, Борусија Дортмунд, ПСЖ, Интер, Јувентус, Порто, Бенфика, РБ Салцбург.

Преставници на Африка се тимовите: Ал Ахли, Видад, Есперанс Тунис, Мамелоди Сандаунс, а од Азија Ал Хилал, Урава, Ал Аин и Улсан.

Северна и Централна Америка ќе ја претставуваат: Сиетл, Интер Мајами, Монтереј, Клуб Леон и Пачука, а Јужна Америка: Ривер Плата, Бока Јуниорс, Палмеирас, Фламенго, Флуминенсе и Ботафого,.

Единствениот преставник од Океанија е клубот Оукленд Сити.

Светското клупско првенство ќе се игра во САД од 15 јуни до 13 јули следната година.



**ФФМ:**

## До крај на годината ќе се игра без публика во ПМФЛ!

Комисијата за натпревари на Фудбалската федерација на Македонија (ФФМ) соопшти дека по барање на Министерството за внатрешни работи (МВР) е донесена одлука натпреварите од 17. и 18. коло, кои се последни две рунди за годинава, да се играат без публика.

Двете последни кола од првиот дел од сезоната, кои се закажани за 3 и 8 декември, во Првата лига ќе се играат без присуство на навивачи на трибините.

„Одлуката на Комисијата за натпревари е донесена поради извршена проценка на Министерството за внатрешни работи заради неодамнешните случувања и спречување на било каков вид на насилство и недолично однесување пред, за време и по одигрување на фудбалските натпревари", соопштија од ФФМ.

MILE UNCEVSKI FUNERAL SERVICES
Прва македонска погребна канцеларија во Австралија

Зборувајте со Миле Унчевски на 02 9502 3205
Миле Унчевски ги разбира македонските православни обичаи и погреби, тој е тука да ви помогне во најтешките моменти.
Повеќе од 9 години Миле со неговата погребна компанија помага во најтешките моменти.
За денот на погребот можеме да ви обезбедиме крпи, литургија, пченица.
Организираме погреби од Австралија во Македонија и обратно, доколку некој покоен имал желба да биде погребан во Македонија или во Австралија.
Serving the Macedonian Orthodox Community 24 Hours/7 Days
403 Forest Road, Bexley NSW 2207
Tel: 02 9502 3205, Fax: 02 9554 9735

# Шортс избран за МВП за ноември во Евролигата

Американскиот кошаркар со македонски пасош, Ти-Џеј Шортс има неверојатен месец зад себе во Евролигата, па заслужено ја доби наградата за најкорисен кошаркар во елитното натпреварување.

Шортс беше прогласен за МВП, откако на пет натпревари во ноември имаше просек од 19,6 поени и 8,4 асистенции со индекс од 25,2.

Македонскиот репрезентативец го предводеше Париз до пет победи во ноември во Евролигата, а најдобриот настап го имаше против Барселона (103-87) кога постигна 24 поени, девет асистенции и имаше индекс 36.




# Јокиќ се изедначи со Меџик Џонсон, пред него се само уште две легенди

Тимот на Мајкл Мелоун изгуби во Лос Анџелес од Клиперс со 126:12, а Никола Јокиќ во овој натпревар постигна 28 поени (12/24 од игра, 2/7 за три, 2/4 од слободни фрлања), со 14 скокови и 11 асистенции, што беше неговиот осми трипл-дабл во сезоната.

Центарот на Нагетс вкупно реализираше 138. трипл-дабл во кариерата и така изедначи со Меџик Џонсон на вечната листа на НБА лигата.

Сега пред српскиот кошаркар се наоѓаат Оскар Робертсон со 181 трипл-дабл и Расел Вестбрук, кој моментално има 200 трипл-дабл успеси во кариерата.

Јокиќ до 138. трипл-дабл во кариерата дојде по 690 натпревари во НБА лигата, додека на Меџик му требаа дури 190 натпревари повеќе.






### ГРЧЕВСКИ:

# Има ракометарки кои треба да се запрашаат дали заслужуваат да играат за Македонија



Македонија со убедлив пораз од Унгарија (19:29) го заврши настапот на Европското првенство. Но поради тоа што Шведска со неверојатни 47:19 ја декласираше Турција, тоа и помогна на Македонија да заврши на третото место во групата А (исто со еден бод ама подобра гол разлика).

Првото место во групата го освои Унгарија со максимални шест бода, втора е Шведска со четири. Следат Македонија и Турција. По две првенства на кои го освои последното место (2012 и 2022), женската ракометна репрезентација на Македонија значително ќе го подобри својот пласман на шампионатот што се одржуваа оваа година. Нашите ракометарки освоија бод по пауза од 16 години.

Ама селекторот Кристијан Грчевски е разочаран од дел од ракометарките.

- Ова е големо искуство за нас, неколку ракометарки за првпат настапија на ЕП. Има ракометарки кои покажаа дека заслужуваат да бидат тука, но има и некои кои ќе треба малку да се замислат дали навистина заслужуваат да бидат во репрезентацијата или треба уште да работат да го заслужат дресот кои го носат, истакна селекторот.

### ЃОКОВИЌ:

# Мојата цел е барем уште еден слем трофеј пред да ја завршам кариерата



Новак Ѓоковиќ изрази уверување дека и следната сезона ќе остане меѓу претендентите за најголемите трофеи во тенисот. По невообичаено лошата 2024 година за него, во која не успеа да освои грен-слем за прв пат од 2017 година, светскиот рекет број 7 изјави дека неговата мотивација останува висока.

- Иако беше тешка година, сепак верувам дека можам да играм на највисоко ниво. Мојата цел е барем уште еден слем трофеј пред да ја завршам кариерата, изјави Србинот за „Газета дело Спорт".

Ѓоковиќ сугерираше дека личните проблеми и ограничениот распоред на натпревари влијаеле на неговиот настап, но е категоричен дека е подготвен да се соочи со ѕвезди од новата генерација како Јаник Синер и Карлос Алкараз.

Поранешниот број 1 откри дека има намера да ја започне сезоната уште во првата недела од годината, а единствена опција е АТП 250 турнирот во Бризбејн (29 декември – 5 јануари).

- Ќе продолжам да играм се додека сум конкурентен на највисоко ниво. Имам уште многу да научам и многу да постигнам во тенисот, заклучи Србинот.



Australian Macedonian TODAY
Австралиско Македонски Денес
22
СПОРТ
ISSN 1442-195X

# НОРИС МУ ЈА ПОДАРИ ПОБЕДАТА НА ПЈАСТРИ ВО СПРИНТОТ ВО КАТАР



Австралискиот возач Оскар Пјастри од тимот на Мекларен победи на саботната трка за Големата награда на Катар, откако тимскиот колега Ландо Норис го пропушти во водство непосредно пред целта.

Најдобрата стартна позиција ја имаше Норис, што ја искористи и веднаш го презеде водството во трката, додека Пјастри од вториот ред го мина Џорџ Расел од Мерцедес и го зазема второто место. Расел се обиде да го помине младиот Австралиец за време на трката, но не можеше да го стори тоа, а Норис доби можност со пропуштање да му се оддолжи на својот тимски колега за некои услуги во претходните трки.

„Веројатно беше малку поблиску до финишот отколку што сакав, но планирав да го направам тоа уште од трката во Бразил. Беше малку недоречено, тимот ми кажа да не го правам тоа, но сепак го сторив“, изјави Норис по трката.

Расел заврши трет, додека Ферари ги освои четвртото и петтото место благодарение на Карлос Саинц Јуниор и Шарл Леклер.

Квалификациите за неделната трка за Големата награда на Катар се закажани за подоцна во саботата на патеката во Лусаил. Не може да има промена на врвот на поредокот на возачите, бидејќи Холанѓанецот Макс Верстапен ја обезбеди својата четврта последователна титула минатиот викенд во Лас Вегас.

Двојната победа во спринтот го доближи Мекларен до светската титула кај конструкторите. Мекларен сега има 623 поени, 30 повеќе од втопласираниот Ферари и 67 повеќе од третопласираниот Ред Бул.

Мекларен мора да ја заврши неделната трка со предност од 44 поени за да го обезбеди првото место во поредокот за конструкторите овој викенд.

Ред Бул е бранител на титулата. Ферари го нема освоено овој трофеј од 2008 година, а Мекларен од 1998 година.

